08-4338/2
17-06-2024

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на првото продолжение на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со број 08- 4338 /1 од 30.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08- 4338 /1 од 30.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08- 4338/1 од 30.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето _________ во законски предвидениот рок по именување на функцијата Претставник во совет во ______________, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10.2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023), Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во конкретниот случај, лицето _____________ е именуван на функцијата Претставник во совет на ден 30.07.2021 година и согласно со чл.82 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот имал обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на именувањето, односно до 30.08.2021 година, да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** м-р Н.Т-М, советник

**Одобрил:** С.С.М, член

**Претседател,**
**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk